*Соопштение за јавност*

**Северна Македонија бележи стагнација во транспарентноста со благо подобрување кај буџетскиот надзор – Наоди од Анкетата за отворен буџет 2025**

**Контакт: Центар за економски анализи, info@cea.org.mk**

*Новите наоди **од Анкетата за отворен буџет 2025** покажуваат благо подобрување кај законодавниот надзор во Северна Македонија, додека буџетската транспарентност и учеството на јавноста остануваат клучни области за понатамошно подобрување.*

Според извештајот на Меѓународното буџетско партнерство (IBP) за 2025 година, **Северна Македонија бележи благ раст во рангирањето на вкупната буџетска транспарентност, оценета со 39 поени** од вкупно 100, во споредба со 35 поени во 2023 година. Сепак, долгорочниот тренд од 2012 година до денес укажува на генерална стагнација, со резултати под просекот на земјите во регионот - кој изнесува 52 поени.

Подобрување се бележи кај оценката на **парламентарен надзор,** која се зголемила од 47 на 53 поени**,** што ги отсликува подобрувањата во процесот на буџетирање. **Државниот завод за ревизија** го одржа стабилниот резултат од 67 поени, што укажува на континуиран институционален капацитет за контрола на буџетот. Додека со воспоставувањето на Фискалниот совет дополнително се зајакна системот за надзор.

*„Земјите од Западен Балкан постигнаа значаен напредок во објавувањето на клучни буџетски информации, но за унапредување на довербата во јавните институции потребно е повеќе од транспарентност. Владите треба да гарантираат ефикасно функционирање на надзорните механизми и да овозможат ефективно вклучување на граѓаните во буџетскиот процес“,* рече Нермин Кујовиќ, раководител на **програмата за Западен Балкан во Меѓународното буџетско партнерство**.

**Учеството на јавноста во буџетскиот процес е оценето со 9 поени од 100**, споредено со оценката од 7 поени во 2023 година, но **под регионалниот просек** од 13 поени. И покрај подобрувањата, како што е зголемената транспарентност на начинот на кој се планира буџетската контрола преку вклучување на забелешките од јавноста, можностите за учеството на јавноста во буџетскиот процес остануваат ограничени.

Во Северна Македонија, процесите на усогласување со ЕУ се одвиваат во услови на политички натпревар и реформски замор. Во ваков контекст, конзистентната транспарентност и ефикасниот надзор се важни за одржување на реформскиот импулс и зајакнување на институционалниот континуитет.

**Северна Македонија сè уште не подготвува и не објавува Полугодишен извештај за извршување на буџетот**, додека Фискалната стратегија се објавува доцна, што ја ограничува можноста за навремен јавен и парламентарен надзор. Отсуството на Граѓански буџет дополнително ја намалува достапноста на буџетските информации за јавноста.

Со цел понатамошно зајакнување на буџетската отчетност, во **извештајот се препорачува: да ја подобри навремената достапност на клучните буџетски документи, и тоа навремено објавување на Фискалната стратегија и подготовка и објавување на Граѓански буџет и Полугодишен извештај за извршување на буџетот.** Исто така, се истакнува потребата од зајакнување на сеопфатноста на фискалното известување особено преку подобрување на повеќегодишните проекции, фискалните ризици и анализа на фискалната одржливост во Предлог буџетот.

Исто така во извештајот се препорачува **посеопфатно и конзистентно известување во годишните и месечните извештаи**, вклучувајќи споредба помеѓу планираните и остварените трошења, детали за јавниот долг, како и за остварувањата на политиките.

**Овозможување на учеството на јавноста останува клучно, преку воведување на механизми за вклучување на граѓаните во подготовката и извршувањето на буџетот**, како и преку пошироко и инклузивно учество во собраниските расправи. **Се препорачува унапредување на парламентарниот надзор**, особено во фазата на извршување на буџетот и разгледување на наодите од ревизијата, што е од суштинско значење за поголема отчетност и ефикасно користење на јавните ресурси.

***Анкетата за отворен буџет*** *е најсеопфатната независна оценка за буџетска транспарентност, учество на јавноста и надзор во светот. Се спроведува на секои две години од страна на* ***Меѓународното буџетско партнерство*** *во соработка со независни партнери од граѓанското општество во секоја земја.*

*Детали од* ***Анкетата за отворен буџет за 2025 година*** *се достапни на:* https://internationalbudget.org/open-budget-survey/country-results/2025/north-macedonia